PHILIPS

# ИТНО известување за безбедност на терен

Ризик од заглавување на прстите при рачно движење на масата за пациентот

Маси за пациенти AD7 и AD7X кои се дел од системите Philips Allura и Azurion

Февруари 2025

**Овој документ содржи важни информации за континуирано, безбедно и правилно користење на Вашата опрема.**

Ве молиме разгледајте ги следните информации заедно со сите членови на Вашиот персонал кои треба да бидат запознаени со содржината на овој допис. Од особена важност е да ги разберете последиците од овој допис.

Ве молиме задржете го ова писмо за Ваша евиденција.

Почитувани здравствени работници,

Производителот Philips беше известен за потенцијален безбедносен проблем со масите за пациенти AD7 и AD7X (верзии кои се навалуваат и кои не се навалуваат) кои се дел од системите Philips Allura и Azurion што би можел да претставува ризик за операторите и сервисниот персонал.

Ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен има за цел да Ве информира за:

## 1. Што е проблемот и под кои околности може да се појави

Производителот Philips идентификувал дека за време на рачно менување на положбата на горниот дел на масата за пациенти, може да дојде до заглавување на прстот помеѓу надолжната водечка шина и горниот дел на масата, што може да резултира со повреда на прстот (видете Слика 1). Овој ризик се однесува на операторите и сервисниот персонал.



Слика 1. Ризични области за заглавување на прстите

## 2. Опасност/штета поврзани со овој проблем

Доколку прстот се заглави меѓу надолжната водечка шина и горниот дел на масата, може да дојде до повреда на операторот или сервисниот персонал (на пример, модринки, мали расекотини, гребнатинки и фрактури на коска).

До датумот на ова писмо, производителот Philips има примено 21 поплака во врска со овој проблем. Во поплаките беа пријавени повреди на операторот/сервисниот персонал, од кои 1 (една) била сериозна повреда.

**PHILIPS**

### 3. Засегнати производи и како да се препознаат

Масите од типот AD7 или AD7X (верзии кои се навалуваат и кои не се навалуваат) се користат со системите Philips Allura и Azurion.

Моделот на масата може да се идентификува од налепницата прикачена на долниот дел на масата. За да ја видите налепницата: кренете ја масата до нејзината највисока позиција и проверете ја налепницата „маса за пациенти“ како што е прикажано на Слика 2.




*Слика 2. Локација на налепниците на масата кога масата е во највисока позиција (лево) и налепница со вид на маса (десно)*

Во **Додаток А** кон писмово се дадени информации за системите Allura и Azurion што ги содржат засегнатите AD7 и AD7X и нивната предвидена употреба.

### 4. Постапки што треба да ги преземе клиентот/корисникот за да спречи појава на ризици за операторите и сервисниот персонал

- Испратете го ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен до сите корисници на системот за да ги информирате за проблемот.
- Следете ги дополнителните упатства при поставување на масата за пациенти дадени во Додаток Б. Овие упатства содржат информации за потенцијални места каде може да се заглават прстите при движење на масата.

  Информациите од овој додаток се опфатени во Дополнувањето кон Упатството за употреба. Исто така, производителот Philips подготвува Картичка со кратки упатства. Дополнувањето и Картичката со кратки упатства ќе бидат достапни од март 2025 година. Видете го Додаток В за како да го преземете Дополнувањето на Упатството за употреба и Картичката со кратки упатства.
- Во случај засегнатиот систем да е пренесен во друга установа, испратете копија од ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен до таа установа и информирајте го производителот Philips за пренесувањето преку Вашиот локален претставник на производителот Philips, БИ-МЕК ДОО Скопје, Даница Алачка Дукоска, одговорно лице за материовигиланца на тел. 075 430 045 или е-пошта: alacka@bimek.com.mk
- Ве молиме навремено пополнете го и испратете го приложениот формулар за одговор до БИ-МЕК ДОО Скопје, на е-пошта: alacka@bimek.com.mk во рок од 30 дена по приемот на известувањето. Со пополнувањето на формуларот потврдувате дека сте го примиле Писмото за ИТНО известување за безбедност на терен , како и дека ги разбирате проблемот и дејствата коишто треба да ги преземете.

PHILIPS

- Доколку го искусите проблемот наведен во писмово, пријавете го тоа на производителот Philips со тоа што ќе контактирате со Вашиот локален претставник на Philips, БИ-МЕК ДОО Скопје, Даница Алачка Дукоска, одговорно лице за материовигиланца на тел. 075 430 045 и е-пошта: alacka@bimek.com.mk

## 5. Дејства што производителот Philips IGT-S планира да ги преземе за да го коригира проблемот

Производителот Philips ќе изврши дополнување на упатството за употреба и ќе подготви Картичка со кратки упатства што ќе бидат достапни на крајот на март 2025 година.

Производителот Philips работи на дизајнирање дополнителни носачи за масите AD7, како и на нова редизајнирана покривка на маса за масите AD7X (реф. FCO: FCO72200516, FCO72200552, FCO72200553, FCO72200554, FCO72200555, FCO72200556). Производителот Philips ќе Ве контактира преку Вашиот локален претставник на Philips, БИ-МЕК ДОО Скопје, Даница Алачка Дукоска за да закаже посета, откако ќе бидат готови новите редизајнирани носачи и покривки на маси. До датумот на ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен, производителот Philips очекува ваквото решение да стане достапно до првиот квартал од 2026 година.

Ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен е пријавено во соодветните регулаторни агенции.

Ве уверуваме дека одржувањето на високо ниво на безбедност и квалитет е нашиот најголем приоритет. Ако ви се потребни дополнителни информации или поддршка за овој проблем, Ве молиме обратете се до локалниот претставник на производителот Philips БИ-МЕК ДОО Скопје.

Производителот Philips се извинува за сите непријатности што настанале како резултат на овој проблем.

Со почит,

Даница Алачка Дукоска
Одговорно лице за материовигиланца

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

PHILIPS

# Формулар за одговор
# ИТНО известување за безбедност на терен

**Референтен број: 2022-IGT-BST-007**: Ризик од заглавување на прстите при рачно движење на горниот дел на масата за пациенти.

**Упатства:** Ве молиме навремено пополнете го и испратете го овој формулар до БИ-МЕК ДОО Скопје, на е-пошта: alacka@bimek.com.mk во рок од 30 работни дена по приемот. Со пополнување на формуларот потврдувате дека сте го примиле писмото со ИТНО известување за безбедност на терен, како и дека ги разбирате проблемот и дејствата коишто треба да ги преземете.

Име на корисникот/потписникот/установата: ____________________

Улица: ____________________

Град/држава/поштенски код/земја: ____________________

**Постапки што ги презема корисникот:**

- Испратете го ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен до сите корисници на системот за да ги информирате за проблемот.
- Следете ги дополнителните упатства при поставување на масата за пациенти дадени во Додаток Б. Овие упатства содржат информации за потенцијални површини за заглавување на прстите при движење на масата. Информациите од овој додаток се опфатени во Дополнувањето кон Упатството за употреба. Исто така, производителот Philips подготвува Картичка со кратки упатства. Дополнувањето и Картичката со кратки упатства ќе бидат достапни од март 2025 година. Видете го Додаток В за како да го преземете Дополнувањето на Упатството за употреба и Картичката со кратки упатства.
- Во случај засегнатиот систем да е пренесен во друга установа, испратете копија од ова писмо за ИТНО известување за безбедност на терен до таа установа и информирајте го производителот Philips за пренесувањето преку Вашиот локален претставник на Philips, БИ-МЕК ДОО Скопје, Даница Алачка Дукоска на тел. 075 430 045 или е-пошта: alacka@bimek.com.mk.
- Доколку го искусите проблемот наведен во ова писмо, пријавете го тоа на производителот Philips со тоа што ќе контактирате со Вашиот локален претставник на Philips, БИ-МЕК ДОО Скопје, Даница Алачка Дукоска на тел. 075 430 045 или е-пошта: alacka@bimek.com.mk

Потврдуваме дека сме го примиле и разбрале придружното ИТНО известување за безбедност на терен, како и дека информациите од известувањето се соодветно доставени до сите корисници на системот/ите.

**Име на лицето кое го пополнува формуларот:**

Потпис: ____________________

Име со печатни букви: ____________________

Титула: ____________________

Телефонски број: ____________________

Адреса за е-пошта: ____________________

Датум (ДД / ММ / ГГГГ): ____________________

Важно е Вашата установа да потврди дека го примила ова писмо. Одговорот на Вашата установа е потребниот доказ за да се следи напредокот на известувањето за безбедност на терен.

Пополнете го и вратете го овој формулар на е-пошта: alacka@bimek.com.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

PHILIPS

# Додаток А

## Системи Allura и Azurion со засегнати маси за пациенти

| Трговско име | Код на системот |
|---|---|
| Allura CV20 | 722031 |
| Allura Xper FD10 | 722003 |
| | 722010 |
| | 722026 |
| AlluraXper FD10/10 | 722005 |
| | 722011 |
| | 722027 |
| Allura Xper FD10C | 722001 |
| AlluraXper FD20 | 722006 |
| | 722012 |
| | 722028 |
| AlluraXper FD20 со две рамнини | 722008 |
| | 722013 |
| AlluraXper FD20 операциона маса со две рамнини | 722020 |
| | 722025 |
| AlluraXper FD20 операциона маса | 722023 |
| | 722035 |
| AlluraXperFD20/10 | 722029 |
| Allura Xper FD20/20 | 722038 |
| AlluraXperFD20/15 | 722058 |
| Azurion 3 M12 | 722063 |
| | 722221 |
| Azurion 3 M15 | 722064 |
| | 722222 |
| | 722280 |
| Azurion 5 M12 | 722227 |
| | 722231 |
| Azurion 5 M20 | 722228 |
| | 722232 |
| | 722281 |
| Azurion 7 B12 | 722067 |
| | 722225 |
| | 722235 |
| Azurion 7 B20 | 722068 |
| | 722226 |
| | 722236 |
| Azurion 7 M12 | 722078 |
| | 722223 |
| | 722233 |
| Azurion 7 M20 | 722224 |
| | 722079 |
| | 722234 |
| | 722282 |

PHILIPS

**Предвидена употреба**

**Серијата Allura Xper FD** е наменета за користење на човечки пациенти за извршување на:

- Васкуларно, кардиоваскуларно и невроваскуларно снимање, вклучувајќи дијагностички, интервентни и минимално инвазивни процедури. Ова вклучува, на пр. периферна, церебрална, торакална и абдоминална ангиографија, како и PTA, поставување на стентови, емболизации и тромболизи.
- Срцево снимање, вклучувајќи дијагностика, интервентни и минимално инвазивни процедури (како PTCA, поставување на стент, атеректомии), имплантации на пејсмејкери и електрофизиологија (EP).
- Неваскуларни интервенции како дренажи, биопсии и вертебропластики.

Дополнително:

- Серијата Allura Xper FD е компатибилна со хибридна сала за операции.

Серијата Allura е наменета за сите пациенти од сите возрасти. Тежината на пациентот е ограничена со спецификациите на масата за пациенти.

**Allura CV20** е наменета за лекари (на пример, кардиолози и радиолози) на кои им помага обучен болнички персонал (на пример, медицински сестри и техничари), кои се квалификувани да извршуваат медицински постапки врз луѓе (со максимална тежина до 250 kg) со веројатни интерни болести или повреди за:

- Примени при наменски васкуларни снимања или снимања на каротидата, вклучително и дијагностички и интервентни зафати.
- Примени при кардиолошки снимања што вклучуваат дијагностика, интервентни зафати, вградување пејсмејкер и електрофизиологија (EP).
- Неваскуларни интервенции како дренажи, биопсии и вертебропластики.

Allura Xper CV20 е наменета за сите пациенти од сите возрасти. Тежината на пациентот е ограничена со спецификациите на масата за пациенти.

**Серијата Azurion** (во граници на користената маса во сала за операции) е наменета за извршување:

- Водење со слика во хируршки зафати за дијагностички, интервентни и минимално инвазивни хируршки зафати за следните области на примена: васкуларни, неваскуларни, кардиоваскуларни и невролошки процедури.
- Примени при кардиолошки снимања што вклучуваат дијагностички, интервентни и минимално инвазивни хируршки зафати.

Дополнително:

- Серијата Azurion може да се користи во хибридни сали за операции.
- Серијата Azurion содржи неколку функции што поддржуваат флексибилен процедурален работен процес што е ориентиран кон пациентот.

Серијата Azurion е наменета за сите пациенти од сите возрасти. Тежината на пациентот е ограничена со спецификациите на масата за пациенти.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE FAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ

PHILIPS

## Додаток Б

### Упатства за поставување на масата за пациенти

**Лебдење на горниот дел на масата:**

Внимавајте да не ги заглавите прстите. Не ги ставајте прстите под горниот дел на масата кога горниот дел на масата лебди.



*Слика 1. Ризични области за заглавување на прст при лебдење на масата (надолжно) движење*

**Навалување на масата:**

Внимавајте да не ги заглавите прстите. Не ги ставајте прстите кај мевот на масата за време на навалување на масата.



*Слика 2. Ризични области за заглавување на прст при опцијата за навалување на масата*

**Странично навалување на масата**

Внимавајте да не ги заглавите прстите. Не ги ставајте прстите на местото каде што се спојуваат горниот дел на масата и основата на масата кога ја навалувате масата. Во зависност од конфигурацијата на масата за пациенти, може да има повеќе од еден отвор под горниот дел на масата.



*Слика 3: Ризични области за заглавување на прстите при опција за странично навалување на масата*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА / AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE · SHKUP · СКОПЈЕ

PHILIPS

# Додаток В

**Упатства за преземање на Дополнувањето на Упатството за употреба (IFU) и Картичката со кратки упатства (QRC)**

1. Искористете го линкот подолу или QR кодот за да пристапите до сајтот со Дополнувањето на Упатството за употреба и Картичката со кратки упатства.

   Линк: https://www.usa.philips.com/healthcare/about/support/resource-center

   QR код:

2. Внесете го бројот на шифрата на Дополнувањето на Упатството за употреба или Картичката со кратки упатства во полето за пребарување (видете подолу за броевите на шифрите за секој јазик). Потоа кликнете на лупата или притиснете го копчето „enter“




3. За да го отворите документот, кликнете двапати на „Allura, Azurion“



**PHILIPS**

## Јазични шифри за Дополнувањето на Упатството за употреба и Картичката со кратки упатства

| Language | Language code for QRC | Language code for IFU addendum for CE Mark countries | Language code for IFU addendum for Non CE Mark countries | Language code for IFU adddendum for systems manufactured in China |
|---|---|---|---|---|
| American English | 4522 204 14482 | 4523 001 30522 | 4523 001 30852 | - |
| Bahasa Indonesian | 4522 204 14602 | 4523 001 30592 | 4523 001 32482 | - |
| Brazilian Portuguese | 4522 204 14712 | 4523 001 30702 | 4523 001 32592 | - |
| Bulgarian | 4522 204 14492 | 4523 001 30472 | 4523 001 32382 | - |
| Croatian | 4522 204 14582 | 4523 001 30572 | 4523 001 32462 | - |
| Czech | 4522 204 14502 | 4523 001 30482 | 4523 001 32392 | - |
| Danish | 4522 204 14512 | 4523 001 30492 | 4523 001 32402 | - |
| Dutch | 4522 204 14692 | 4523 001 30682 | 4523 001 32572 | - |
| Estonian | 4522 204 14552 | 4523 001 30542 | 4523 001 32432 | - |
| Finnish | 4522 204 14562 | 4523 001 30552 | 4523 001 32442 | - |
| French | 4522 204 14572 | 4523 001 30562 | 4523 001 32452 | - |
| German | 4522 204 14522 | 4523 001 30502 | 4523 001 32412 | - |
| Greek | 4522 204 14532 | 4523 001 30512 | 4523 001 32422 | - |
| Hungarian | 4522 204 14592 | 4523 001 30582 | 4523 001 32472 | - |
| Italian | 4522 204 14612 | 4523 001 30602 | 4523 001 32492 | - |
| Japanese | 4522 204 14622 | 4523 001 30612 | 4523 001 32502 | - |
| Kazakh | 4522 204 14632 | 4523 001 30622 | 4523 001 32512 | - |
| Korean | 4522 204 14642 | 4523 001 30632 | 4523 001 32522 | - |
| Latvian | 4522 204 14662 | 4523 001 30652 | 4523 001 32542 | - |
| Lithuanian | 4522 204 14652 | 4523 001 30642 | 4523 001 32532 | - |
| Macedonian | 4522 204 14672 | 4523 001 30662 | 4523 001 32552 | - |
| Norwegian | 4522 204 14682 | 4523 001 30672 | 4523 001 32562 | - |
| Polish | 4522 204 14702 | 4523 001 30692 | 4523 001 32582 | - |
| Romanian | 4522 204 14722 | 4523 001 30712 | 4523 001 32602 | - |
| Russian | 4522 204 14732 | 4523 001 30722 | 4523 001 32612 | - |
| Serbian | 4522 204 14762 | 4523 001 30752 | 4523 001 32642 | - |
| Simplified Chinese | 4522 204 14813 | 4523 001 30802 | 4523 001 30872 | 4523 001 30832 |
| Slovak | 4522 204 14742 | 4523 001 30732 | 4523 001 32622 | - |
| Slovene | 4522 204 14752 | 4523 001 30742 | 4523 001 32632 | - |
| Spanish | 4522 204 14542 | 4523 001 30532 | 4523 001 30862 | - |
| Swedish | 4522 204 14772 | 4523 001 30762 | 4523 001 32652 | - |
| Traditional Chinese | 4522 204 14822 | 4523 001 30812 | 4523 001 32692 | - |
| Turkish | 4522 204 14782 | 4523 001 30772 | 4523 001 32662 | - |
| Ukrainian | 4522 204 14792 | 4523 001 30782 | 4523 001 32672 | - |
| Vietnamese | 4522 204 14802 | 4523 001 30792 | 4523 001 32682 | - |